АНАЛИЗА НА ПАЗАРОТ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- прво полугодие на 2025 година



Декември 2025 година

*ВОВЕД*

Во текот на последните две децении, поштенскиот сектор претрпе значителна трансформација поради либерализација, приватизација и зголемена конкуренција од приватните оператори. Поштенскиот сектор се соочува со драматични промени, тесно поврзани со технолошкиот напредок, општествените промени и глобалните економски трендови. Иако поштенските услуги сè уште се занимаваат со испорака на писма и пакети, управуваат со инфраструктура и понекогаш нудат финансиски услуги, нивните модели на приходи значително се промениле. Приходот од поштенски услуги за писма драстично опаднал додека приходите од пакети и логистика се повеќекратно зголемени во истиот период, што одразува растечка важност на е-трговијата и испораката на пакети.

Но, и покрај промените оврската за обезбедување на универзалната услуга која опфаќа сет на услуги загарантирани за граѓаните, останува како важна услуга која ја проширува улогата и значењето на поштенските услуги, како обезбедување услуга од јавен интерес, поточно услуга достапна до секој граѓанин по пристапна цена.

Согласно законските одредби, а во функција на извршување на надлежностите на Агенцијата за пошти, давателите на поштенски услуги имаат обврска за доставување на податоци од своето работење и истите да ги достават со пополнување на Извештај за обезбедување на поштенските услуги два пати во годината[1].

Извештајот содржи податоци за обемот и видот на пратките, подрачјето на кое се обезбедуваат поштенските услуги, бројот на вработени лица кај давателите на поштенски услуги, финансиските средства остварени од услугите, бројот на рекламации за дадениот период, капацитетот на јавната поштенска мрежа и др.

Во продолжение следи Анализата на пазар на поштенски услуги во Република Северна Македонија за првото полугодие од 2025 година, со направена споредба на податоците за првото полугодие од 2024 година. Основната цел на анализата е да се даде слика за вкупниот развој на поштенскиот сектор, дали одредени услуги имаат зголемување или намалување и ваквиот развој од аспект на светските трендови.

[1] http://ap.mk/index.php/mk/formulari-analiza

## 1. *Даватели на поштенски услуги*

Во првото полугодие од 2025 година вкупно работеле 30 правни лица кои се стекнале со статус на давател на поштенски услуги со издадено Општо овластување од страна на Агенцијата за пошти.

Графикон 1: Број на даватели на поштенски услуги




Интересот за влегување со работа во поштенскиот сектор континуирано се зголемува посебно во услови на зголемена он лине понуда и побарувачка. И покрај што графиконот покажува намалување на бројот на даватели за оваа полугодие сепак како една јасна констатација би била дека интересот за влез на пазарот се зголемува искажан преку континуирана промена на правни лица кои имаат Општо овластување за обезбедување на поштенски услуги. Од вкупниот број на даватели на поштенски услуги 30 кои работеле во првото полугодие на 2025 година пополнети Извештаи за обезбедување на поштенските услуги доставиле 28 даватели, еден дававатeл на универзална услуга и 27 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар кои се и обработени во оваа Анализа.

Табела 1: Даватели на поштенски услуги

| | 2024 година прво полугодие | 2025 година прво полугодие |
|---|---|---|
| **Давател на универзална услуга – АД Пошта на Северна Македонија** | 1 | 1 |
| **Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар** | 35 | 29 |

## *2. Остварен обем на поштенски услуги*

Анализата покажува зголемување на вкупниот обем остварен од обезбедување на поштенски услуги за првото полугодие на 2025 година, во однос на првото полугодие на 2024 година. Зголемувањето на обемот во однос на истиот период во 2024 година изнесува околу 6.8 %.

Во првото полугодие на 2025 година има 2 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар, кои не доставиле пополнети извештаи. Исполнување на обврската на давателите за поштенски услуги за доставување на Извештаите два пати годишно, дава и поточна слика за пазарот на поштенските услуги.

Табела 2: Податоци за обем на поштенски услуги

| | 2024 година прво полугодие | 2025 година прво полугодие |
|---|---|---|
| **АД Пошта на Северна Македонија** | 14,148,614 | 15,236,733 |
| **Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар** | 4,888,924 | 5,091,465 |
| **Вкупен обем** | **19,037,538** | 20,328,198 |

Графикон 2. Остварен обем кај даватели на поштенски услуги




Графикон 3:Удел на даватели на поштенски услуги на пазарот




Давателите на поштенски услуги на слободниот пазар во првото полугодие на 2025 година имаат намалување на уделот на пазарот за 0,63 % во однос на првото полугодие на 2024 година.

Графикон 4: Движење на уделот на даватели на поштенски услуги на слободниот пазар




## 3. Вкупен обем на поштенски услуги кај давателот на универзална услуга -АД Пошта на Северна Македонија

Во првото полугодие на 2025 година давателот на универзалната услуга има остварено зголемување на обемот на поштенски услуги од 7,69 %.

Табела 3: Податоци за обем на поштенски услуги

| | 2024 година прво полугодие | 2025 година прво полугодие |
|---|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија | 14,148,614 | 15,236,733 |

Графикон 5: Вкупен обем на АД Пошта на Северна Македонија




Анализирајќи ги податоците во рамки на универзалната услуга се забележува зголемување на дел од услугите во рамки на универзалната услуга. Универзална услуга опфаќа 98,77% од обемот, а пратките за кореспонденција, односно писмата 86% од универалната услуга.

Табела 4. Обем на поштенски услуги кај АД Пошта на Северна Македонија во рамки на универзалната услуга

| *ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ* | 2024 прво полугодие | 2025 прво полугодие |
|---|---|---|
| Вкупен обем остварен од услугите во рамките на универзална услуга | 13,986,934 | 15,049,534 |
| 1. Пратки за кореcподенција | 12,908,537 | 12,969,044 |
| 2. Мали пакети | 0 | 0 |
| 3. Директна пошта | 48,298 | 1,292 |
| 4. Пакети | 85,780 | 72,157 |
| 5. Печатени работи | 944,319 | 2,007,041 |
| Вкупен обем остварен од услугите надвор од универзална услуга | 197,432 | 187,199 |

Давателот на универзалната услуга во првото полугодие на 2025 година остварил зголемување на услуги во рамки на универзалната услуга за околу 7,6%. Пратките за кореснодениција како услуга која треба да биде достапна до сите корисници, бележи зголемување за 0,5%, особено писмата до 50 грама кои се остварени во обем од околу 88,44 % од обемот на на писмата во рамки на универзалната услуга.

Графикон 6: Вкупен обем на поштенски услуги кај АД Пошта на Северна Македонија




Давателот на универзална услуга 84,23% од вкупниот обем го има остварено од услуги во внатрешен сообраќај.

Табела 5: Вкупен обем на АД Пошта на Северна Македонија остварен во внатрешен поштенски сообраќај

| Внатрешен поштенски сообраќај | | |
|---|---|---|
| Физички лица | Правни лица | Вкупно |
| 2,371,317 | 10,463,288 | 12,834,605 |
| 18,48% | 81,52% | |

Табела 6: Вкупен обем на АД Пошта на Северна Македонија остварен во меѓународен поштенски сообраќај

| Меѓународен поштенски сообраќај | | |
|---|---|---|
| Појдовен | Дојдовен | Вкупно |

| | | |
|---|---|---|
| 575,978 | 1,826,150 | 2,402,128 |
| 24% | 76% | |

Табела 7: Вкупен обем на пратки за кореcподенција

| Вкупен обем на пратки за кореcподенција | 12,969,044 | 100% |
|---|---|---|
| 1. **Писма** | 12,902,743 | 99,49% |
| ***Вкупен обем на писма во рамките на универзалната услуга*** | 10,320,025 | 79,98% |
| • *Вкупен обем на писма до 50 грама* | 9,127,364 | 88.44% |
| ***Вкупен обем на препорачани писма во рамките на универзалната услуга*** | 2,546,587 | 19.74% |
| • *Вкупен обем на препорачани писма до 50 грама* | 1,700,344 | 66.77% |
| ***Вкупен обен на вредносни писма во рамките на универзалната услуга*** | 36,131 | 0,28% |
| • *Вкупен обем на вредносни писма во рамките до 50 грама* | 0 | 0% |
| 2. **Поштенски картички/разгледници** | 66,301 | 0,51% |

Табела 8: Вкупен обем на писма до 50 грама прво полугодие на 2024 година и прво полугодие на 2025 година

| | 2024 прво полугодие | 2025 прво полугодие |
|---|---|---|
| ***Вкупен обем на пратки за кореcподенција*** | 100% | 100% |
| 1. ***Писма*** | 99,75% | 99,49% |
| **** Вкупен обем на писма во рамките на универзалната услуга*** | 79,6% | 79,57% |
| **** Вкупен обем на писма до 50 грама*** | 68,3% | 70,38% |
| 2. ***Поштенски картички/разгледници*** | 0,24% | 0,51% |

Графикон 7: Обем на пратки за кореcпонденција остварен во внатрешен поштенски сообраќај

| Вкупен обем на пратки за кореcподенција во првото полугодие на 2025 година | Вкупен обем на пратки за кореcподенција во внатрешен сообраќај | Физички лица | Правни лица |
|---|---|---|---|
| 12,969,044 | 11,208,912 | 2,137,064 | 9,071,848 |
| | 86,43% | 16,48% | 69.95% |

Од вкупно остварениот обем на пратки за кореспонденција во првото полугодие на 2025 година, 86,43% е остварен во внатрешен сообраќај и остварен е 69.95% од правни лица.

Табела 9: Пратки за кореспонденција – меѓународен поштенски сообраќај

| Вкупен обем на пратки за кореcподенција во првото полугодие на 2024 година | Вкупен обем на пратки за кореcподенција во меѓународен сообраќај | меѓународен појдовен сообраќај | меѓународен дојдовен сообраќај |
|---|---|---|---|
| 12,969,044 | 1,760,132 | 519,945 | 1.240,187 |
| | 13.57% | 4% | 9.56% |

Првото полугодие на 2025 година давателот на универзалната услуга има намалување на обемот на пакети за околу 15,88% во однос на првото полугодие на 2024 година.

Графикон 8: Вкупен обем на пакети во универзална услуга




Графикон 9: Вкупен обем на пакети во внатрешен и меѓународен сообраќај во универзална услуга




Од вкупниот остварен обем на пакети 55,98% е остварен во внатрешен сообраќај од правни лица.

Вкупниот процент на обемот на пакети кај давателот на универзалната услуга во однос остварениот обем на пакети на пазарот во Република Северна Македонија во првото полугодие на 2025 година (4,462,822) е многу мал и изнесува 1,62 %.

Графикон 10: Вкупен обем остварен од услугите надвор од универзална услуга



## 4. Вкупен обем на поштенски услуги кај даватели на поштенски услуги на слободен пазар

Кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар има зголемување на обемот на поштенски услуги од околу 4,14%.

Табела 8. Обем на поштенски услуги кај даватели на поштенски услуги на слободен пазар

| *ВИДОВИ ПОШТЕНСКИ ПРАТКИ* | 2024 прво полугодие | 2025 прво полугодие |
|---|---|---|
| Вкупен обем на поштенски пратки | 4,888,924 | 5,091,465 |
| 1. Пратки за кореснподенција | 1,297,638 | 624,870 |
| 2. Директна пошта | 298,171 | 25,241 |
| 3. Пакети | 3,245,027 | 4,390,665 |
| 4. Печатени работи | 0 | 0 |

Графикон 11. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем - 2025 година, прво полугодие




Од вкупниот обем остварен од давателите на поштенски услуги на слободниот пазар 5 даватели на поштенски услуги оствариле 82,51 % од вкупниот обем.

Графикон 12. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во обезбедување на услугата пратки за коресподенција - 2025 година, прво полугодие




Од вкупниот обем на пратки за кореспонденција остварен од давателите на поштенски услуги на слободниот пазар 5 даватели на поштенски услуги оствариле 84,06% од вкупниот.

Графикон 13. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најголем обем во обезбедување на услугата пакети - 2025 година, прво полугодие



Давателите на поштенски услуги на слободниот пазар имаат зголемување на обемот на пакети од околу 35 %.

Во првото полугодие на 2025 година 13 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар кои покрај во внатрешен поштенски сообраќај обезбедувале услуги и во меѓународен поштенски сообраќај. Се поголемата понуда на он лине нарачки преку меѓународни платформи се зголемува и интересот на давателите да работат меѓународни услуги и да бидат достапни на корисниците за нивните потреби согласно трендовите.

Табела 9. Обем на пакети во внатрешен и меѓународен сообраќај

| | обем | внатршен сообраќај | меѓународен сообраќај | | меѓународен сообраќај |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | појдовен | дојдовен | |
| Вкупен обем | 5091465 | 4344502 | 211216 | 535747 | 746963 |
| Пакети | 4390665 | 3652001 | 209661 | 529003 | 738664 |
| | 86,24% | 84,06% | 99,26% | 98,74% | 98,89% |

Од вкупниот обем остварен од давателите на поштенски услуги на слободниот пазар 5 даватели на поштенски услуги оствариле 84,77% од вкупниот обем на пакети. Давателите на поштенски услуги на слободниот пазар услугата пакети ја обезбедуваат во внатрешен сообраќај од околу 84,06%, а од вкупниот обем на поштенски услуги пакетите опфаќаат 86,24%.

## 5. Пратки од е-трговија и пратки со откупнина кај даватели на поштенски услуги

Со новите извештаи за обезбедување на поштенски услуги, давателите на поштенски услуги се обврзани да доставуваат податоци и за услуги од е-трговија, како и пратки со откупнина. Следејќи го движењето на пазарот забележително е дека корисниците се повеќе користат пратки од е-трговија, и ја користат услугата за кои плаќаат во моментот на приемот на пратката.

Развојот на е-трговијата претставува огромна можност за развој на пазарот на поштенските услуги бидејќи потрошувачите се повеќе користат е – нарачки на производи преку платформите за е-трговија. Со зголемувањето на онлајн продажбата, е-трговците бараат брза и ефикасна достава на своите производи при што ги користат лиценцираните даватели на поштенски услуги.

Графикон 14. Пратки со откунина кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар




Електронската трговија одигра особено позитивна улога за давателите на поштенски услуги придвижувајќи го обемот на пратките низ нивните поштенски мрежи во време на опаѓање на обемот на писмата.

Графикон 15. Е -commerce услуги кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар




Пратка со откупнина се врачува на примачот со претходна наплата на откупниот износ означен на самата пратка. Како пратка со откупнина може да се испрати секоја препорачана или вредносна пратка.

## 6. Број на вработени и точки за пристап во поштенскиот сектор

Бројот на вработени во поштенскиот сектор изнесува 2.727 лица од кои 1.626 вработени кај давателот на универзалната услуга, додека 1101 вработени кај давателите на слободниот пазар. Давателот на универзална услуга има 313 договорни пошторазнесувачи и 13 лица ангажирани по договор за вршење на услуги.

Првото полугодие на 2025 година бележи намалување на вработени лица кај давателот на универзалната услуга од 7,1%, кој има 59,63% од вкупниот број на вработени лица на поштенскиот пазар.

Првото полугодие на 2025 година бележи зголемување на вработени лица кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар од 0,9%.

Односно намалувањето на вработени лица во поштенскиот сектор изнесува 4%.

Табела 10. Број на вработени во поштенскиот сектор

| Вкупен број на вработени во поштенскиот сектор | 2024 прво полугодие | 2025 прво полугодие |
|---|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија | 1750 | 1626 |
| - *Број на пошторазнесувачи* | 485 | 437 |
| - *Договорни пошторазнесувачи* | 245 | 313 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот поштенски пазар | 1091 | 1101 |
| - *Број на пошторазнесувачи* | 492 | 539 |
| - *Договорни пошторазнесувачи* | 163 | 408 |

Табела 11. Точки на пристап - АД Пошта на Северна Македонија

| Точки за пристап | 2024 прво полугодие | 2024 прво полугодие |
|---|---|---|
| 1. Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 328 | 326 |
| 2. Поштенски сандачиња | 374 | 372 |
| 3. Поштенски преградоци | 6,539 | 6,539 |

| Вкупно | 7,241 | 7,237 |
|---|---|---|

Точките за пристап преку кои корисниците имаат пристап до универзалната услуга, но и на сите останати поштенски услуги, кај давателот на универзалната услуга се забележува една константа, но тоа е така и заради фактот дека намалување на точките за пристап подлежат на одредени законски постапки.

Табела 12. Точки на пристап – Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар

| Точки за пристап | | 2024 прво полугодие | 2025 прво полугодие |
|---|---|---|---|
| 1. | Поштенски единици за прием на поштенски пратки | 290 | 234 |
| 2. | Број на возила за обезбедување на услугите | 985 | 1052 |

Графикон: 16. Договорни пошти, пошторазнесувачи и договорни пошторазнесувачи кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар




Само 5 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар имаат пријавено дека работат преку договорни пошти.

## 7. Финансиски податоци од обезбедување на поштенски услуги

АД Пошта на Северна Македонија остварила помалку приходи (1,59%) во 2025 година првото полугодие во однос на 2024 истиот период, а 3,25% помалку остварила приходи од обезбедување на поштенски услуги.

Табела 13. Остварени приходи од обебздување на поштенски услуги на пазарот

| | А.Д. Пошта на Северна Македонија (денари) | | Останати даватели на поштенски услуги (денари) | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2024 прво полугодие | 2025 прво полугодие | 2024 прво полугодие | 2025 прво полугодие | 2024 прво полугодие | 2025 прво полугодие | Зголемување /намалување % |
| Вкупни приходи од обезбедување на поштенски и други поврзани услуги | 617,212,109 | 607,384,861 | 726,689,996 | 1,044,308,509 | 1,343,902,105 | 1,651,693,370 | 22,9% |

Давателите на поштенски услуги на слободниот пазар имаат остварено повеќе приходи (43,7%), од обезбедување на поштенски услуги за првото полугодие на 2025 година во однос на првото полугодие на 2024 година, а целиот поштенски сектор има зголемување на приходи од 22,9%.

Од вкупно остварениот приход на пазарот 63% е остварен на слободниот пазар.

Графикон 17. Остварени приходи од писма и пакети во рамки на универзалната услуга




Табела 14.Остварени приходи од обезбедување на универзална услуга

| | Вкупно приходи во универзална услуга | Вкупно приходи | Остварен процент |
|---|---|---|---|
| АД Пошта на Северна Македонија | 495,823,083 | 607,384,861 | 81.6% |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 476,690,049 | 1,044,308,509 | 45.64% |

Доколку се анализира обемот и остварените приходи се доаѓа до заклучок дека давателите на поштенските услуги на слободниот пазар имаат зголемување на вкупниот обем на поштенски услуги од околу 8.6 %, а имаат зголемување на приходите за 43.7 %.

Табела 15. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар со најмногу остварени приходи

| Даватели со најмногу приход | Процент од вкупни приходи |
|---|---|
| ДХЛ | /% |
| Еко Логистик | /% |
| Карго Експрес | /% |
| Виа Пост | /% |
| Мик Мик | /% |
| | 83,45% |

Од вкупно остварениот приход од обезбедување на поштенски услуги 5 даватели на поштенски услуги на слободниот пазар имаат остварено 83,45% од вкупниот приход.

## 8. Рекламации по поштенски услуги

Бројот на рекламации кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар има големо зголемување во однос на првото полугодие на 2024 година, додека давателот на универзалната услуга има зголемување на број на рекламации за 19,2%.

Табела 16. Податоци за безбедноста и рекламации на поштенски пратки

| Рекламации | 2024 прво полугодие | 2025 прво полугодие |
|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | 78 | 93 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 910 | 2639 |

Табела 17. Број на рекламации по видови на пратки

| | Обични писма | Препорачани писма | Вредносни писма | Пакети | Вредносни пакети |
|---|---|---|---|---|---|
| А.Д. Пошта на Северна Македонија | 0 | 93 | 0 | 0 | 0 |
| Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар | 79 | 66 | 0 | 2399 | 95 |

Давателот на универзалната услуга има рекламации за препорачани писма, а корисниците рекламирале за оштетена односно намалена содржина на пратките, додека кај давателите на поштенски услуги на слободниот пазар најмногу рекламации има за пакети 90,9 % и тоа по основ на пречекорување на рокот за достава на поштенски пратки 60,7%, а 30% корисниците рекламирале по основ на оштетени и изгубени поштенски пратки.

Графикон 18: Рекламации кај даватели на поштенски услуги на слободниот пазар




Графикон 19. Даватели на поштенски услуги на слободниот пазар


3,60%
2,99%
2,50%
0,00%
90,91%
* обични писма
* препорачани писма
* вредносни писма
* пакети
* вредносни пакети